**Поставување на прашања**

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на Собранието.

Банката одговара на поставените прашања доколку тоа не е во спротивност со доверливоста во работењето, принципите на банкарска и деловна тајна, како и деловните интереси на Банката.

Банката може да даде еден збирен одговор на прашањата со иста содржина. Банката може да одговори директно на акционерот или да ги објави одговорите на поставените прашања на својата интернет страница во формат на прашање и одговор.

Прашањето акционерот го доставува во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат и целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер правно лице.